Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020

# Извадок на дел од дневни настани 04.08.2020

На 04.08.2020 во 00.30 часот на бул.„Кочо Рацин“, од полициски службеници од СВР Скопје бил лишен од слобода М.Л.(19) од Скопје, кај кого при преглед била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 03.08.2020 околу 19.00 часот во СВР Охрид било пријавено дека во с.Богојци, струшко, К.А.(49) од с.Богојци, се повредил сечејќи дрва. Тој бил пренесен во Комплекс клиники „Мајка Тереза“ за укажување на лекарска помош, каде што им подлегнал на повредите. Увид извршила екипа од Полициска станица Струга. По наредба на Јавен обвинител телото на починатиот е предадено на семејството.

На 03.08.2020 во 14.37 часот на пат од место викано „Гумење“ кон езеро во Крушево се случила сообраќајна незгода во која мотоцикл „јамаха“, со битолски регистарски ознаки, управуван од Ж.Т.(35) од с.Врбовец, крушевско, удрил во паркирано патничко возило „рено“, со битолски регистарски ознаки. Во незгодата Ж.Т. се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Општата Болница Прилеп, каде бил пренесен за укажување на лекарска помош. Увид на местото на незгодата извршила увидна екипа на Полициска станица Крушево.

На 03.08.2020 во 18.30 часот, на ул.„Сирма Војвода“ во Охрид, патничко возило „мерцедес“, со скопски регистарски ознаки, управувано од Д.С.(19) од Скопје удрило во пешак М.Т.(58) од Охрид. М.Т. била префрлена за укажување на лекарска помош во Комплекс клиники „Мајка Тереза“ во Скопје, каде им подлегнала на повредите. На местото на незгодата бил извршен увид од Јавен обвинител, судски вештак и полициски екипи.

На 03.08.2020 година во 22.20 часот во СВР Битола е пријавено дека на ул.„Партизанска“ во Битола мопед марка „ап-6“, управуван од 17-годишник, удрил во паркирано моторно возило „мерцедес“, со битолски регистарски ознаки. Во незгодата, возачот на мопедот се здоби со тешки телесни повреди, а 17-годишниот сопатник на мопедот со телесни повреди, констатирани во Клиничката болница во Битола. Од страна на увидна екипа бил извршен увид на местото на незгодата.

Во периодот од 20.00 часот на 01.08.2020 год. до 02.00 часот на 02.08.2020 на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Велес спроведена контрола на мотоцикли, при што се констатирани 12 прекршоци во Велес, три во Кавадарци и 12 во Неготино и истите се санкционирани со соодветни пријави.

На 03.08.2020 год. Во СВР Велес било пријавено дека на плоштад „Којник“ во Велес деветгодишно дете било каснато од куче скитник во пределот на десната нога.

Во текот на 31.07., 01/02/03.08.2020 на подрачјето на СВР Скопје санкционирани се седум возила, бидејќи биле нерегистрирани, девет возачи затоа што управувале возила без да се стекнат со право на управување на моторно возило, еден возачи поради поминување на црвено светло, еден возач поради недавање првенство на пешаци и еден пешак поради сторен прекршок, а 45 возила се подигнати со специјално возило „пајак".

На 03.08.2020 во 12.40 часот на ул.„113“ во Тетово, од страна на полициски службеници од СВР Тетово, при претрес во напуштена зграда, била пронајдена кафеава прашкаста материја. На лице место биле затекнати и лишени од слобода Б.Л.(40) и Ј.С.(50), двајцата од Тетово, кои се задржани во Полициска станица Тетово, а по документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 03.08.2020 во СВР Велес е пријавено дека околу 21.00 часот на место викано „Лагот“, во близина на манастирот „Св.Ѓорѓи“ во Неготино, во црква во изградба, М.Ч.(67) од Неготино бил нападнат од три непознати лица мигранти, кои му одзеле пари. Бил извршен увид на местото на настанот. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 03.08.2020 во 16.20 часот во СВР Скопје, З.Е. пријавил дека во с.Катланово, скопско, на место викано „Фазанерија“, непознато лице насилно ја отворило вратата од објект на М-НАВ и одзело четири акумулатори кои служеле за напојување на слетна точка на аеродромот. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 03.08.2020 во 18.30 часот, на бул.,,Видое Смилевски Бато“ во Тетово непознато патничко возило, кое по незгодата го напуштило местото, удрило во А.А.(68) од Тетово, кој туркал велосипед. Во незгодата А.А. се здоби со тешки телесни повреди, констатирани во Клиничка болница Тетово, каде што бил пренесен за укажување на лекарска помош. Увид на местото на незгодата извршила увидна екипа од СВР Тетово.

На 03.08.2020 околу 17.00 часот во СВР Битола било пријавено дека во с.Годивје, Кривогаштани настанал пожар, при што била опожарена сува трева и нискостеблеста шума. Пожарот е локализиран од Противпожарната единица од Кривогаштани.

На 04.08.2020 во 05.13 часот во СВР Охрид, 27-годишна скопјанка пријавила дека во соба во хотел во Охрид над неа била извршена обљуба од страна на М.Н. По преземени мерки од полициски службеници од СВР Охрид, М.Н. бил приведен и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 03.08.2020 во 14.45 часот во Полициска станица Сарај било пријавено дека во СРЦ Езеро Треска, во близина на напуштени тоалет кабини, од малолетни лица било пронајдено безживотно машко тело. По утврдување на идентитетот било констатирано дека станува збор за Ф.Ј.(46) од с.Никиштани. Од лекар од Итна медицинска помош била констатирана смрт. Увид на местото извршила увидна екипа на СВР Скопје, а по наредба на Јавен обвинител телото на починатиот е предадено за погреб.

На 03.08.2020 околу 18.20 часот во СВР Скопје, Б.Љ.(44) од Скопје пријавил дека поради нарушени семејни односи од домот се оддалечила неговата сопруга Г.Љ.(42) од Скопје. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 03.08.2020 во 23.45 часот во СВР Скопје, Б.И.(34) од с. Визбегово, скопско, пријавил дека околу 23.15 часот, додека биле во двор од работилница на ул.„2“, сопственост на К.А.(36) од Скопје, слушнале истрели од огнено оружје, по што на подот во работилницата пронашле зрно од огнено оружје. Повредени лица нема, а увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје.

На 04.08.2020 околу 14.00 часот во водите на Преспанското Езеро од страна на нуркачкиот тим од Единицата за специјални задачи при Бирото за јавна безбедност на МВР беше пронајдено безживотното тело на 16-годишното момче од Ресен, за кое на 02.08.2020 било пријавено дека исчезнало во водите на езерото кај туристичката населба „Претор“. По насоки на Јавен обвинител телото ќе биде дадено на обдукција.

Секторот за борба против тероризам, насилен екстремизам и радикализам при Одделот за спречување на организиран и сериозен криминал до Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција поднесе кривична пријава против Л.С.(38) од Скопје, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „помагање“, а во врска со кривично дело „учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации“. Пријавената, во два наврата ја напуштила територијата на Република Северна Македонија и со умисла заминала за Сирија, каде земала учество во активностите на терористичката организација „Исламска држава“ (ИСИС). На 10.03.2020 на Меѓународен аеродром Скопје пријавената е депортирана со лет од Истанбул во Скопје.

На 04.08.2020 околу 00.30 часот на ул.„Димитар Влахов“ во Велес патничко возило „шкода јети“, сопственост на МВР, удрило во метална ограда на тротоар од улицата. Повредени нема, а увид извршила екипа од СВР Велес. За настанот е известен Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истарги и професионални стандарди.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА
Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет